ПРОЕКТ:

МОНИТОРИНГ НА ТРОШЕЊАТА ОД БУЏЕТИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ПЕРИОД : ФЕВРУАРИ 2016

Поддржано од:

СКОПЈЕ, 11.03.2016

Kingdom of the Netherlands

СОДРЖИНА:

1.	Вовед	3
2.	Тек на мониторинг-процесот	3
	2.1 Календар на активности	3
	2.2 Координирање на мониторинг активностите	3
3.	Засилени активности на политичките партии	5
4.	Апроксимативни промотивни трошења на политичките партии	8
5.	Мониторинг на буџетските трошоци во предизборн. и избор. период	11
6.	Кореспонденција	17
7.	Неделни извештаи	23
8.	Прес-конференции и изјави за медиуми	46

1. ВОВЕД

Во периодот од 01.01.2016-07.03.2016 тимот на ТИМ направи приближна проценка на трошоците.
Поради промената на датумот на изборите и календарот за одржување на изборите претрпи промени. Ова влијаеше и на севкупниот процес и проектот се продожи до крајот на јуни 2016.

2. ТЕК НА МОНИТОРИНГ- ПРОЦЕСОТ

2.1. КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ

Поради промената на претходно објавениот датум за избори (24.02.2016), Собранието на Република Македонија на 23.02.2016 ја донесе одлуката за одложување на изборите до 5 јуни 2016.
Следејќи ги претходните дополнувања на Изборниот законик, ААААВМУ ја прифати новата Одлука за платено политичко рекламирање на радиодифузерите, електронските медиуми, печатените медиуми и интернет страните. Датумот за забраната на платеното политичко рекламирање, исто така е променет на 27.02.2016.

Датум	Активност
Најрано 07.03.2016 – најдоцна 27.03.2016	Распишување на Избори
Најрано 27.03.2016 – најдоцна 17.05.2016	Отварање на посебна трансакциска сметка
14.05.2016	Објавување на учесници на листи на кандидати
17.05.2016	Почеток на Изборна кампања
25.05.2016	Финансиски извештај (приходи/расходи)
03.06.2016	Предизборен молк
05.06.2016	Избори
11.06.2016	Финансиски извештај (приходи/расходи)

2.2. КООРДИНИРАЊЕ НА МОНИТОРИНГ АКТИВНОСТИТЕ

- Меморандум за соработка беше потпишан на 11 февруари 2016 помеѓу организациите што спроведуваат мониторинг-активности во тековниот предизборен и изборен процес. Потписници на Меморандумот за соработка се челници и претставници на следните НВО: Транспаренси Интернешенел Македонија, МОСТ-граѓанска асоцијација, Институтот за комуникациски студии, ЦЕА и ЦИВИЛ-Центар за слобода. Организациите ги соопштија нивните одлуки за меѓусебна координација на активностите и размена на информации на највисоко ниво, за да се постигне повисоко ниво на транспарентност и отчетност на сите засегнати страни во предизборната кампања и активната подготовка за учество на изборите.

- ТИМ и ЦЕА одржаа обука на членови на граѓански организации на „Платформа за борба против корупција“ на тема „МОНИТОРИНГ НА ПРЕДИЗБОРНИ И ИЗБОРНИ БУЏЕТСКИ ТРОШЕЊА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ“. Ова е дополнителна активност насочена кон зајакнување на способностите на граѓанските организации. Обуката се одржа во хотел Арка на 10.02.2016,организирана од МЦМС.

3. ЗАСИЛЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Во месец февруари 2016 забележлива беше зголемената активност на политичките партии низ земјата. Партиските членови имаа бројни теренски активности, прес- конференции и изјави за медиумите. ТИ Македонија со локалните партнери ги забележаа следните дејства:

- Продолжува промовирањето на владините проекти, поистоветувањето на владините активности со партиските: во образованието,новите проекти за млади,проекти за вработување, нови проекти во здравството.

- Зголемена партиска активност на СДСМ (партиски средби,трибини, посета на села и градови)

- Активностите на интернет станаа место за промотивна кампања со зголемен број на платени, бројни, неавтентични профили на социјалните мрежи.

- Платеното рекламирање на социјалните мрежи (Facebook) продолжува (фотографија 1 и 2)

- Промовирање на владини проекти на интернет страните на политичките партии (фотографија 3,4 и 5)

- Забележителна активност на албанските политички партии ДУИ и ДПА движење за реформи и на помалите политички партии (средби со граѓани, прес-конференции). (фотографија 6).

Фотографија 1

]

Фотографија 2



Фотографија 3



Фотографија 4

Фотографија 5

3.2. Фотографија 6

4. АПРОКСИМАТИВНИ ПРОМОТИВНИ ТРОШЕЊА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2016-07.03.2016

Во периодот помеѓу 01.01.2016 - 07.03.2016 тимот на ТИМ направи приближна проценка на трошоците на политичките партии во набљудуваните реони кои се однесуваат на:

1. Новоотворените локални канцеларии;
2. Митинзи;
3. Локални средби со граѓани/посети;
4. Интернет- маркетинг.

Наодите од миниторингот јасно покажуваат дека политичките партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во овој период приближно потрошиле околу 50,000,00 ЕУР, поединечно. Трошењата, скоро подеднакво се однесуваат на средбите со граѓани и митинзи. Додека СДСМ трошеле повеќе на интернет маркетинг, ВМРО-ДПМНЕ потрошиле повеќе на отворање на локални канцеларии. ДУИ главно троши на митинзи и средби со граѓани. Нови локални штабовови од нивна страна не се забележани. Трошењата во овој период се приближно околу 25,000,00 ЕУР. ДПА и другите политички партии не покажаа значителни активности изминатиот период.

Овие податоци, понатаму ќе бидат искористени во статистичките пресметки на трошењата на политичките партии во предизборниот и изборниот период.



Слика 1: Трошења за новоотворени локални канцеларии

Слика2: Трошења за митинзи



Слика 3: Трошења на локални средби/посети



Слика 4: Трошења на интернет маркетинг

5. МОНИТОРИНГ НА БУЏЕТСКИТЕ ТРОШЕЊА ВО ПРЕДИЗБОРНИОТ И ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД

- ✓ Во јануари 2016 години споредено со вообичаените месечни движења за овој период се забележува зголемување на вкупните приходите од даноци, меѓутоа ако се погледне рамномерноста и реализацијата на буџетот за ставката приходи од даноци е 7,43% што е за речиси 1 процентен поен помалку од рамномерните 8,33%, доколку дадената буџетска ставка би се реализирала рамномерно на месечно ниво во текот на годината.

- ✓ Во јануари 2016 год. приходите од ДДВ се зголемуваат во однос на сезонското месечно движење, и реализација на буџетот во јануари 2016 година изнесува 8,76%, што претставува релативно повисок процент на реализација споредено со претходната година во истиот период (јануари 2015 година) кога истата изнесува 6,9[1]%.

- ✓ Движењето на приходите од ставката Административни такси и глоби е циклично доколку се гледа месечната динамика во целиот период од 2008 година до сега, и во споредба со месечните движења од претходните периоди во јануари 2016 година бележиме пад, а реализација на оваа ставка за месец јануари изнесува 5,6%, што претставува низок процент споредено со рамномерната реализација на месечно ниво која би била 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.

- ✓ Буџетскиот дефицит во месец јануари 2016 е реализиран над очекуваната рамномерна реализација (8,33%) со стапка на реализација од годишниот буџет за 2016 година од 8,9%. Истиот, спореден со месечните фактори за изминатиот период не покажува зголемување во однос на овој период од годината.

- ✓ Во месец јануари ставката државни записи е со стапка на реализација од дури 12,25% од вкупно планираниот годишен буџет, што е речиси 4 процентни поени над очекуваната рамномерна реализација на месечно ниво од 8,33%.

- ✓ Стапка на реализација за месец јануари 2016 на буџетската ставка странски заеми од годишниот план е 2,02% но, во претходниот месец (декември 2015 година) се јавува

[1] Нето ефектот на рефундирање на данокот за додадена вредност кон деловните субјекти кои се обврзници за ДДВ ќе има ефект врз крајната релазација на оваа буџетска ставка од извршување на буџетот.

задолжување со странски заеми од 16,77 милијарди денари со што само во месец декември е надминат планираниот годишен буџет повеќекратно, а вкупната реализација за оваа буџетска ставка за цела 2015 година е 458%. Оваа е резултат на издавањето на евро обврзницата во ноември/декември 2015 за која се прибрани 270 милиони евра.

- ✓ Капиталните трошоци во јануари 2016 година бележат реализација од само 3,3% од планираниот буџет за 2016 година, и имаат ниско но, вообичаено/сезонско движење за овој период на годината, и значително под рамномерното месечно движење, кое би било 8,33% доколку рамномерно би се реализирал буџетот секој месец во текот на годината.

- ✓ Ставката на централниот буџет во социјалните трансфери - фонд за ПИОМ (во која се вклучени расходите за пензии) во јануари 2016 година бележи значително голем скок во однос на вообичаеното месечно движење за овој период над вообичаеното месечно движење, за разлика од претходните месеци, односно ноември и декември 2015 година, кога имаме движење под нивното сезонско/месечно движење, со стапка на реализација на планираниот буџет од 9,61% значително повисока реализација над рамномерно очекуваната месечна распределба од 8,33%, како резултат на раздолжувањето кон приватните задолжителни пензиски фондови.

Јавни објави на веб страниците на Влада и селектирани буџетски корисници

- ✓ *З*начаен дел од објавите за буџетски трошења се објавуваат на веб страницата на Влада на РМ, а истите се однесуваат на други буџетски корисници кои се имплементатори односно иматели на информации, кои пак не ги објавуваат сите информации на веб станиците, па оттука се јавува и препраќањето од една на друг институција во постапката за БИЈК.

- ✓ Мал број (само 22%) од вкупните објави на Влада на РМ и на буџетските корисници содржат финансиски податоци за направените/планираните инвестиции или за објавите во кои се најавува нова инвестиција(Владата која има најмногу објави – исто така 22%).

- ✓ Само 5% од вкупните објави содржат аналитичко елаборирање на планираните/ реализираните активности.

- ✓ Скромен дел од објавите (околу 10%) вклучуваат информации за изворите на средства, како и програмите/стратегиите/плановите врз основа на кои го најавуваат или реализираат објавениот проект.

- ✓ Буџетските корисници на своите веб страници објавуваат многу малку информации за нивните активности.



- ✓ Може да се забележи дека покрај малиот број на објави и содржината на објавите е со скромни квантитативни и квалитативни податоци– односно кај сите мониторирани институции (кај тие што воопшто имаат било каква објава) процентот на објавени информации е многу мал

- ✓ Само за 2 објави на Влада на РМ и 3 објави од Министерството за финансии содржат аналитика на објавите, додека останатите буџетски корисници во своите објави немаат суштински податоци за насловите.

- ✓ Најголем дел од објавите на сите мониторирани веб страници се однесуваат на посети, средби и конференции на државните претставници кои ги имале во текот на извештајниот период.

<u>Мониторинг на трошењето на ниво на локална власт</u>

- ✓ Во овој извештаен период се забележани вкупно 97 капитални и оперативни буџетски трошења, по кои е постапено со дополнително прибирање на информации/податоци кои се однесуваат на истите.

- ✓ Од расположливите податоци добиени од локалниот мониторинг се утврдува дека најголем број на капитални/оперативни расходи на локално ниво биле идентификувани во Охрид, Гази Баба (за разлика од претходниот период каде што на територија на Гази Баба беа забележани многу малку активности на терен) и Струмица, додека значително помалку трошења биле идентификувани во Врапчиште, Кратово, Македонски Брод и Чашка – кои доминантно се помали рурални населени места.

- ✓ Во текот на февруари, скоро три четвртини од регистрираните трошења се однесуваат на капитални вложувања.

- ✓ Во однос на областите на вложувања како главни се издвојуваат: реновирање/реконструкција на градинки училишта и др. образовни објекти, реконструкција на патишта и улици и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи.

- ✓ Од вкупно 97 евидентирани трошења, 21 се однесуваат на реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, 36 на реконструкција на патишта и улици, 12 на реновирање/реконструкција на училишта, градинки, социјални домови и сл., и 28 трошења кои не можат да се сместат во горенаведените категории.

- ✓ Од вкупно 24 набљудувани општини во 20 се поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер. Во извештајниот период, вкупно 54 барања се поднесени по основ на евидентираните трошења, и за сите општини има евидентирано барем по едно трошење

- ✓ За некои општини како што се Охрид, Кратово и Кавадарци информации се добиле без официјално поднесување на БПИЈК односно за вкупно 37 евидентирани трошења не се јавила потреба за поднесување на БПИЈК и информациите се добивани при посета на општината или при контакт со одговорно лице на телефон или e-mail, или пак информациите се јавно достапни на веб страниците на општините.

- ✓ Од вкупно евидентираните 97 трошења во набљудуваните општини, за 49 трошења има целосни или делумни податоци добиени како одговор на БПИЈК (13), со директен контакт со општината или документите се јавно достапни. За остатокот од поднесените БПИЈК, се очекува да се добие одговор во наредниот извештаен период, кога и истекува законската обврска да се добие одговор по основ на поднесените барања.

- ✓ Во текот на февруари добиени се 21 одговор кои се однесуваат на поднесените БПИЈК во текот на јануари (од вкупно 46 поднесени во истиот месец).

✓ ***Табела: Достапност на документи со кои е поткрепено трошењето:***

Документи со кои е поткрепено торшењето	# трошења во набљудуваните општини во јануари	Изразеност во % (од вкупно 24 трошења)-јануари	# трошења во набљудуваните општини во февруари	Изразеност во % (од вкупно 49 трошења)-февруари
Предвидено во стратегија	2	8%	0	0%
Предвидено во Програма	15	63%	17	35%
Предвидено во Буџетска програма	12	50%	20	41%
Донесена Одлука на Совет	14	58%	13	27%
Предвидено во План на општината	12	50%	12	24%
Трошења соджани во сите 5 документи	2	8%	0	0%
Трошења содржани во барем 2 документи	16	67%	18	37%
Трошења содржани во само 1 документ	4	17%	7	14%

- ✓ Од достапните квартални извештаи за извршување на буџетот за четвртиот квартал од 2015 година, за осумнаесет од дваесет и четири општини, (извешти добиени до крајот на месец февруари 2016 година) може да се утврди дека: ниту една од општините не го реализирала буџетот за 2015 година над 90% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, најголем дел односно 7 општини реализирале над 80% од вкупниот буџет за 2015 година, 4 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот буџет за 2015 година додека останатите реализирале под 69% од вкупниот буџет за 2015 година

- ✓ Реализација на вкупните капитални буџети за 2015 година од 18 општини е релативно мала во однос на планираните буџети: ниту една од општините не го реализирала капиталниот буџетот за 2015 година со над 80% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, 3 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот капитален буџет, 2 општини реализирале помеѓу 60% и 69% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а дури 5 Општини реализирале помеѓу 50% и 59% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а останатите 8 општини реализирале под 50% од вкупниот капитален буџет за 2015 година

- ✓ Процентот на реализацијата на вкупните оперативни буџети за 2015 година за 18 општини е значително повисок од реализацијата на капиталните буџети и тоа: 5 општини го реализирале оперативниот буџет за 2015 година со над 90% до 94% од планираниот/последен ребаланс на буџетот, 9 општини реализирале помеѓу 80% и 89% од вкупниот капитален буџет за 2015 година, а 4 општини реализирале помеѓу 70% и 79% од вкупниот капитален буџет за 2015 година

6. КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

Нашите тимови ги следат активностите со БИЈК кон соодветните институции за да добијат податоци за можни буџетски трошења. Во табелата подолу ви ги претставуваме нашите писма со барања со опис на настаните(објавите), повратните писма и коменарите каде што има објаснувања дали има буџетски трошења.
Забелешка: Тука се наведени писмата на кои сме добиле одговор во месец февруари.

Настан	Писмо наш бр.	Повратно писмо бр.	Коментар	Забелешка
Рехабилитација на Вруток	0302-400-02-01.02.2016	03-98/2-08.02.2016	Доставена док.ЧГПЈН за 2016;	
Изработка на општи акти за населени места (Калиште,Ломнице,Ѓурѓевиште и Пожаране)	0303-382-1-26.01.2016	03260/1-05.01.2016	Средства програма Ф1,финансиска реализиција буџетска ставка 425,потставка 425640,од ПЈН за 2016.Постапката е во тек и сеуште не е склучен Договор, затоа нема исплата.	
Изработка на проекти во општина Врапчиште за: фекална и атмосферска канализација, водоснабвдување, резервоари за вода, регулација на речни корита, основни проекти за основно образование,објекти за локална самоуправа.	0302-382-2-26.01.2016	03-260/2-05.02.2016	Годишна програма за урбанистички планови за 2016,буџетска прогр.Ф1,предвид.сред. во Планот за Јавни набавки,според одобрена програна на Совет на општина Врапчиште за Урбанистички план за 2016. Постапката е во тек и сеуште не е склучен Договор со најповолен понудувач.	
МЖСПП-финансирање за изградба на филетр станица за вода за пиење во Зубовце,Галате и Врапчиште	0302-382-3-26.01.2016			

Канал Плус ТВ„Кадровски ќе се екипираат градинките во Штип“-13.01.2016 Електронски билтен опт.Штип-Комисија за статус и пропис со др-Одлука за Давање согласност за Правилник на организација и систематизација на ЈУД„Вера Цировири-Трена“(детска градинка)	0302-350-20.01.2016	12-823/3-27.01.2016	Општина Штип не е имател на информацијата-препратено до ЈУД„Вера Цировири-Трена“	
30.01.2015 Курир-web portal„Голем интерес за трибина за проект на млади на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во Штип“	0302-406-2-02.02.2016	12-11472-04.02.2016	Фотокопија од: Барање од претседател на УМС-Драган Јанев за користење на Голема сала во Општина Штип-Одлука на совет за одобрување за користење,платен налог за користење на сала од претс.Драган Јанев -УМС ВМРО-ДПМНЕ	
Изградба на канализациона мрежа во с.Лисиче во Чашка	0302-375-25.01.2016	17-127/2-08.02.2016	Локален акц.план на општ.Чашка усв.од Совет на општ.со одл.бр.07-1449/3-18.08.2019,според стратешки план за локален ек.развој од СО со одл.бр.07/2030/7-26.12.2016, според Јавна набавка на МТВ, без одлука на совет на општината и исплатата е од МТВ.	
21.01.2016-Реновирање на партер на споменик во општина Струга	0302-366-25.01.2016	03-367/3-05.02.2016	Одлука на совет на општ.Струга бр.07-1555/20 од 30.04.2014,одлука за јавна набавка бр.13-55 од 02.11.2015, со одвоен буџет од општ.Струга 2.000.000,00мкд+ДДВ со градежна фирмаДООЕЛ Тим Петрол 991 од с.Велешта	
Официјална Facebook страна на Струга-оглас за реконструкција	0302-413-1-05.02.2016	03-500/2-11.02.2016	Програма за изградба,реконструкција и рехабилитација,одржување	

на ул.„Боро Хаџиески-Путе“			и заштита на локалните патишта во Охрид и струга,одлука на СО Струга бр.07-4785/14-30.12.2016, со буџетски средства од опш.Струга во износ од 1.361.713,30+ДДВ со Договор бр.13-61-12.01.2016	
Објава на интернет страна на општ.Охрид на 12.01.2016„Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општ.Охрид за 2016“.	0302-367-25.1.2016	05-751/3-29.01.2016	-Сектор за финансиски прашања-Програма А0-Совет на општина Охрид и к4-Културни манифестации и творештво	
Објава на FBстрана на општина Струга на 01.02.2016-Изградба на пат с.Калишта-с.Радолишта	0302-413-2-05.02.2015	03-501/2-11.02.2016	Дел од проект на АПЗРР на РМ со одлука на Совет на општ.Струга бр.07-2692/9-13.07.2016 и согласн.за тендер за јавна набавка со Договор бр.13-42 од 14.01.2016	Нема вредност на Договор со компанијата Тим Петрол 991 од с.Велешта
Локален медиум објави„Нови интелигентни сообраќајни знаци во Битола“	0301-396-28.10.2016	41-22/09-04.02.2016	Проект финансиран од буџет на општина Битола www.bitola.gov.mk, според план за јавни набавки достапен на www.e-nabavki.gov.mk	
Електронски систен за јавни набавки објавува-Оглас за барање на прибирање на понуди бр.24-173-2015-13.01.2016 –„Набавка на плакати за промотивен материјал за потребите на општина Битола“.	0302-347-20.01.2016	41-6/4-02.02.2016	Огласот за прибирање на понуди за плакати и промотивен материјал за потребите на општ.Битола е во фаза на евалуација.	Понатаму да се достават податоци
Електронски систен за јавни набавки објавува-Оглас за барање на прибирање на понуди бр.24-215-2015-13.01.2016„Геодетски услуги за потребите на општина Битола“.	0302-349-20.01.2016	41-7/4-02.02.2014	Огласот е активен до 02.02.2016 и затоа не може да се добијат информации.	Да се достават информации понатаму,по заврш. на огласот.
Објава на facebook страна на општина Босилово”Водоводен	0302-368-	03-333/2-	Советотот на општина Босилово на одржаната	

приклучок во с.Дрвош“	25.01.2016	04.02.2016	седница на 21.08.2015 донел одлука за преземање на водоводот во с.Дервош преку собир на граѓани корисници и склучува Договор со истите и давателот на услуги ЈКПД Огражден од Босилово.Реконструкцијата е на товар на самотот претпријатие, а монтажата е без надомест.Буџетот за Развојната програма за изградба на водовод 2016 е предвидена, но во моментов е без транскации.	
Објава на facebook страна на Оштина Аердором за тендер за “Реконструкција на ул.Ѓоргу Крапчев“	0302-394-3-28.01.2016	03/695-1-01.02.2016	Реконструкцијата е предвидена според Планот за јавни набавки за 2016 со очекуван почеток во јан./фев.2016 кој е донесен со одлука на Совет на општина Аеродром и објавен во Службен весник 18/2015-33,трошењето е предвено по програма Ј6, потставка 424320, предвидено со Буџет на општина Аеродром за 2016 со пријавена обврска до Министерствотто за финансии.Сите информации се достапни на web страната на општината www.aerodrom.gov.mk/sluzhben-glasnik;	
Објава на официјална web страна на општина Центар„Кредитот предвиден за катна гаража општина Центар ќе го пренамени за изградба на ново училиште“	0302-346-18.01.2016	Одоговор по e-mail: 11-202/2	Изградбата е предвидена со Развојната програма за изградба на ОУ во нас.Капиштец,-дел од среднорочниот план за програми за развој за период од 2016/17 усвоено од Советот на општина центар на 47-ма седница од	

			13.11.2015	
Објава на официјалната web страна на Министерството за транспорт и врски:Започна реконструкцијата на 2 рег.патни правци,Мелнички мост-Центар Жупа и Бошков мост-Дебар“	0302-306-21.12.2015	МТВ: 32-18386/3-31.12.2015	МТВ не е имател на информацијата ,препратено до Јавно претпријатие за државни патишта	ЈДПД: 09-54/2-27.01.2016-Реконстр.на патиштата се изведува според cost-benefit физибилити студија од страна на Консултант одобрен од Светска банка,согласно програмата на РМ со заем од СБ предвиден во годишна прогрмана ЈПДП со финанс.реал.со заем од СБ.Досега се исплатени аванссиситуации на Мелнички мост-Центар Жупа на 09.12.2016, а за Бошков мост-Дебар на 03.11.2015.
Објава на официјална страна на Влада на РМ-17.12.2016„Агро-бизнис форум„Пристапот до капитал-основа за инвестиции во земјоделието“.	0302-304-21.12.2015	МЗШВ-02-77/4-26.01.2016	Нац.страт.за земјоделство и рурал.развој-поголема искористеност на ИПАРД2,за создавање на т.е.гарантен фонд или банк.гаранција во ЗРР согласно член 98-б“Кофинанс.на банк.гаранција“-Закон за ЗРР“во програма за финанс.поддршка на рур.развој во 2015	
Објава на офиц.страна на Влада на РМ„Цветков: Од идн.година субвенции на камати за ИПАРД кредити“	0302-305-21.12.2015	МЗВШ:02-76/3-25.01.2016	Согласно национал.стратегија за ЗРР 2014/2020 дел 2.1.Страт.цел за развој на земјодел.и подобро искористување преку обезбед.на сервис на кредити.Субвенц.е во согласност со член од Закон за ЗРР 98-а,исклучиво за инвестиции финанс.од инструмент.за претпристапна помош за	

			ЗРР од ЕУ(ИПАРД) и истите не се повисоки од 500.000ЕУР ,предвидени во Програмата за финанс.поддршкана рур.разв.за 2015	
Објава на официјалната web страна на ИСАР-13.01.2016„Потпишан договорот за градски пазар“	0302-341-18.01.2016		Договорот за градски пазар е според Програмата за работа на ИСАР Штип за 2016,бр.07-8949/1-25.12.2015 од Совет на општина Штип,со одлука за измени на јавни набавки од управен одбор на Општината на 31.01.2015 бр.02/217-4.Договорот е вреден 6.800,00МКД	
Објава на официјална страна на општина Велес-12.02.2016„Пуштена е во употреба опремата за автоматско хлорирање на вода“	0302-459-15.02.2016	03-373/2-17.2.2016	Одлуката за јавна набавка за опрема за хлорирање предвидена е во ставка I.38-Автоматизација на станица за гасно хлорирање на водоснабдителен систем е усвоена од Управен одбор на ЈКП Дервен со Договор со ЦмЦ Екокон ДООЕЛ од Скопје со вредност на истиот 2.987.700,00од 3.000.000,00 МКД без вклучен ДДВ	
Објава на официјалната страна на општина Прилеп-26.01.2016-„Финансиска поддршка за оштетени фамилии“	0302-434-3-08.02.2016	18-15/4-17.02.2016	Лицата за контакт од Општината испратија известување дека им требаат дополнителни 10 дена за повратна информација,поради зголемен бр.на предмети.	
Објава на ел.с-ем на БЈН на оглас за барање за прибирање на понуди бр.2/2016 општина Прилеп„Набавка на услуги за транспорт на луѓе за потребите на општина Прилеп“.	0302-395-28.01.2016	18-13/4-17.02.2016	Лицата за контакт од Општината испратија известување дека им требаат дополнителни 10 дена за повратна информација,поради	

			зголемен бр.на предмети.	
Објава на официјална web на општина Прилеп„Исчистен каналот на Дабничка река“	0302-348-29.01.2016	18-10/04-17.02.2016	Лицата за контакт од Општината испратија известување дека им требаат дополнителни 10 дена за повратна информација,поради зголемен бр.на предмети	
Барање на информации од јавен карактер-податоции од последен квартал од 2015	бр.0302-351-22 од 22.01.2016	12-3012/2-18.02.2016	Доставени обрасци к1,к2,к3 за последниот квартал од 2015,вработени на определено раб.време и со договор на дело нема,а преку Агенција за привремени вработувања се вработени 13 лица.	
Барање на информации од јавен карактер-податоции од последен квартал од 2015	0302-251-10-22.01.2016	12-829/2-19.02.2016	Доставени обрасци к1,к2,к3 за последниот квартал од 2015,вкупно вработени 165 од кои 29 со договор за привремени вработувања.	
Објава на официјална web страна на општина Велес„Пуштен во употреба летниковец за лица со инвалидитет во Младински парк“-02.02.206	0302-428-08.02.2016	03-105/3-22.02.2016	Проектот е финансиран од од Програмата за развој на ОН-УНДП врз основа на проект за воспоставување на меѓуопштинска соработка за обезбедување на грижа за ранливи групи,меѓу општините Велес,Кавадарци,Росоман, Чашка и Градско.Договорот е потпишан на ден 13.08.2015 помеѓу Центар за развој на Вардарски плански регион, со изведувачот Друштво за градежништво,услуги и трговија на големо и мало„Интерградба-Ла Аце-дооле увоз извоз Велес, со вредност од 1.642.380,00 МКД без вклучен ДДВ.	Писмотот беше првично пратено до општина Велес со бр.0302-428-08.02.2016 од каде што добивме известување дека не се имател на информацијата и понатаму беше препратено до Центар за развој на Вардарскиот плански регион со бр.25-1007/3-17.02.2016

Објава на web-страна на Електронски систем за набавки-21.01.2016„Оглас за барање за прибирање на понуди„ Монтирање на камени плочи“.(Гостивар)	0302-383-26.01.2016	11-198/3-22.02.2016	Изведбата е според Годишниот план за изградба и реконструкција на локални патишта и улици во ЈДО-изградба и реконструкција на локални патишта ,финансиската реализација е во тек согласно наведената буџетска програма, без одлука од Совет на општината.	
Објава на web-страна на Електронски систем за набавки -26.01.2016„Оглас за барање за прибирање на понуди: Вршење на стручен надзор за Монтирање на камени плочки(архитектонски услуги, интегрирани инж.услуги, услуги за просторн.планирање и инжинерски услуги за уредување на земјиштето, поврзани научни и технички советодавни услуги, услуги sa технички испитувања и анализа“(Гостивар).	0302-400-3-01.02.2016	11-250/4-22.02.2016	Надзорот се врши според Годишниот план за вршење на надзор на работа, според буџетската програма Е-конто 425-980-вршење стручен надзор при работа, финансиската реализација е во тек согласно наведената буџетска програма, без одлука од Совет на општината.	
Барање до општина Кочани за назначување лице за контакт за проектот	0302-331-14-13.01.2016	05-173/2-14-12.02.2016	Назначено лице за констакт во општина Кочани	
„Доделување награди за најубаво украсен двор„-објава на официјална страна на општина Битола	0302-434-1-08.02.2016	41-27/4-18.02.2016	Одговорните лица од општина Битола не пренасочија на официјалната страна на општина Битола www.bitola.gov.mk каде што , нема доволно податоци, за износот на наградите и одлука од седница на Совет на општина Битола, дали е тоа предвидено во буџетот и според која стратегија е истот.	
Објава на локални медиуми и на официјална страна на општина тетово„Инвестиција и	0302-380-1-26.01.2016-	03-916/4-22.02.2016-	Од општина Тетово добивме единствено	Од Центарот за развој на Полошки регион

модернизација на Центарот за развјо на Полошки плански регион“	до Општина Тетово 0302-400-4-01.02.2016 до Центар за развој на Полошки плански регион	Од општина Тетово 09-13/2-24.02.2016-ЦРППР	Одлука за кофинансирање на проектот на центарот за развој на Полошкиот плански регион„Внатрешна реконструкција на објект за потребите на центарот за развојна Полошки плански регион и постигнување на енергетска ефикасност„-донесена на ден 29.01.2016. А за другите прашања треба да се прати писмо до Центарот за развој на Полошки плански регион	добивме одговор дека проектот претставува дел од Програмата за развој на Полошкиот плански регион 2015-2019-Среднорочна цел-поддршка и развој на претприемништво, конкуренстност и иновативност на мали,средни и големи претпријатија и Годишниот акционене план за развој на Програмата.Центрите немаат посебна буџетска програма „00“, финанс.реализација е направена според Годишниот акционен план во согласност со Годишниот план за јавни набавки на 2016 во рамки на активностите на проектот„Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво-Активност за воспоставување на бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Полошкиот плански регион“-финансирано од Програмата за развој на ОН.Исплатата ќе се врши преку трезор, нема посебна одлука од Совет,туку е прифатена како активност во ракмите на акционот план и

				сеуште нема договор за истата.

7. НЕДЕЛНИ ИЗВЕШТАИ

Содржина: 4 неделни извештаи
Период: 29.01.2016-26.02.2016

Во последните денови од јануари 2016 и првата недела од февруари 2016 година, активностите за мониторинг на буџетските трошења на политичките партии во политички маркетинг продолжија. Набљудувачите поделени по региони и тимовите на ТИМ и ЦЕА континуирано ги следеа активностите на политичките партии.

ВМРО-ДПМНЕ ја продолжи кампањата „ Купи куќа-купи стан“ и „Купи куќа за млади“, исто така и проектот „На Македонија ѝ треба твојата идеја“ и отворањето на нови јавни објекти од општ интерес, предвидени во нивната политичка програма.Нашите тимови забележаа дека за партиски цели и себе-промовирање членовите на ВМРО-ДМНЕ користеле службени возила.Нашите тимови ќе ги проверат овие настани со БПИЈК кон соодветните иснтитуции во однос на буџетските трошења.

ВМРО – ДПМНЕ

1. Во општина Босилово , вицепремиерот Владимир Пешевски имаше средба со граѓани со 200 лица. (29.01.2016).
2. Претседателот на РМ Ѓорѓе Иванов беше во тетово, по повод прославувањето на Св.Атанасиј Велики со други членови на ОК од Тетово (31.01.2016).
3. 33 канцеларии беа отворени низ општините во земјава за да ги информираат луѓето за бенефитите од проектот „ Купи куќа-купи стан“ и „Купи куќа за млади”(31.01.2016).
4. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски ја посети општина Илинден за да го промовира проектот „ Купи куќа-купи стан“ и „Купи куќа за млади” и во општина Миладиновци на отворањето на новата амбуланта (03.02.2016).
5. ВМРО-ДПМНЕ продолжи со промоција на новиот проект „На Македонија ѝ треба твојата идеја“ низ земјата(штанд пред капитол Мол во општина Аеродором со промотивни флаери,промоција во Домот на културата Трајко Прокопиев)) (31.01.2016)

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски на отворањето на новата амбуланта во Миладиновци со Министерот за здравство Никола Тодоров

СДСМ продолжија со нивната промоција главно преку дебати помеѓу граѓаните.Нашите тимови забележаа дека нивните активности обично ги одржуваат во работни денови, со сопствени возила,обично на отворени места(ресторани или кафулиња).Нивните трошења ќе ги проследиме со писма до соодветните институции, во однос на мини бината,осветлувањето,флаерите и обезбедувањето (средба со граѓаните во Штип).

СДСМ

1. Фросина Ременски , техничката министерка за труд и социјална политика имаше средба со група на граѓани во неколу општини низ Македонија: Дебар (30.01.2016) и низ неколку општини во Скопје : Пинтија, Драчево и Кисела Вода (02.02.2016).
2. Кире Наумов претседателот на Финасискиот комитет на СДСМ и заменик министер за финансии имаше средба со граѓани низ Македонија: Куманово, Свети Николе (01.02.2016).
3. Неколку членови на СДСМ, вклучително и Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи ја посетија Пелагонија (Демир Хисар ,Новаци 30.01.2016)
4. Во Битола беше одржан протестен митинг , организиран од СДСМ поради најавата на за продажба на Офицерскиот дом во Битола со мала бина, промотивни флаери и сл.(03.02.2016).
5. Претседателот на СДСМ Зоран Заев имаше среба со граѓаните во Штип 02.02.2016

Претседателот на СДСМ Зоран Заев имаше среба со граѓаните во Штип 02.02.2016

ДПА

Претседателот на ДПА Мендух Тачи имаше работен ручек со ЕУ Амбасадот во Македонија Орав, на кој се дискутираше за политичката ситуација во Македонија и регионот. (04.02.2016)

ДУИ

1. Претседателот на ДУИ, Али Ахмети изјави дека одложувањето на изборите на 24 април ќе доведе до многу тензии и поделби. 31.01.2016
2. Министерот за образование и наука г-дин Абдилаќим Адеми, Министерот за економија г-дин Беким Незири, Министерот за локална самоуправа г-дин Лирим Шабани и бившиот градоначалник на Општина Струга г-дин Рамиз Мерко, го посетија основното училиште „Мурат Лабуништа“ во село Лабуништа, Општина Струга, каде што во тек е реконструкција на старите и дотраени прозорци. Ова е инвестицијата е на Министерството за образование и наука во висина од 100.000 евра. Министерот Адеми додаде дека ова не е единствената инвестиција за ова населено место, затоа што за неколку дена ќе започне и изградбата на спортската сала, инвестиција вредна околу 41 милион денари финансирана од Влада на Република Македонија.31.01.2016
3. Се одржа Седница на Генералниот Совет на ДУИ. На Средбата беа усвојувани деветнаесет (19) заклучоци за надминување на политичката криза.02.02.2016
4. Работен ручек на Претседателот на ДУИ, Али Ахмети со Државниот секретар во германското Министерство за Надворешни Работи Михаел Рот и германската амбасадорка во Република Македонија Кристен Алтхаузер.02.02.2016

5. Шефот на Централниот штаб на ДУИ Беким Незири, Министерот за образование и наука Абдулаќим Адеми и Министерот за Локална Самоуправа Лирим Шабани присуствуваа на отварањето на штаб на ДУИ во Општина Врапчиште.

Активности на други политички партии

29.01.2016 Се организираше трибина во кино „Козјак“ Куманово под мотото„ Алијанса на албанците“.Ова трибина беше организирана од младите од СР ДПА и НДП. На трибината присуствува и претседателите на СР ДПА Зејадин Села и претседателот на НДП Весел Мемети. На трибината присуствуваа 350 – 400 жители од општините Куманово и Липково.

31.01.2016 Формиран огранок на УНИТЕТИ во Гостивар, за Претседател на огранокот е избран Проф. Др. Мујесер Иљази.

01.02.2016 Остварена е средба помеѓу Претседателот на Движењето БЕСА, Биљал Касами и Претседателот на ПДП, Неџат Беџети.

01.02.2016 Најава од Алијансата на Албанците дека Претседателот на ДПА – Движење за реформи, Зијадин Села и Претседателот на НДП, Весел Мемеди, ќе остварат посета на албанската дијаспора во Германија и Австрија.

Генералниот заклучок на нашиот тим е дека во овој период беа забележани повеќе активности на политичките партии во однос на средни со граѓани,промоции на партиските програми или критикување/пофалби на актуелната ситуација. Нашите тимови ќе ги проследаат настаните со соодветни писам до релевантните институции во однос на трошењата.

Во втората недела од февруари 2016 беше забележлива засилената активност на политичките партии низ земјава. Партиските членови имаа бројни теренски активности, прес конференции и изјави за медиуми. ТИМ со локалните партнери ги забележаа следните активности:

1. Нашиот тим забележа понатаможни активности на:
    - Зголемена политичка активност (партиски средби, трибини)
    - Активност на помалите политички партии
    - Постојана промоција на владини проекти
    - Отворање на регионали канцеларии (штабови)

2. Потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу организациите со слични активности во однос на предизборниот и изборниот процес. Меморандумот за соработка беше потпишан на 11.01.2016 во хотел Дувет помеѓу претставниците на организациите: Транспаренси Интернешенел Македонија, МОСТ-граѓанска организација, Институтот за комуникациски студии, ЦЕА и ЦИВИЛ-Центарот за слобода. Претседателката на ТИМ проф. д-р Слаѓана Тасева, притоа изјави:„ Од 74 владини проекти, само 2 беа предвидени во Буџетот, останатите 72 проекти беа промовирани за цели, за кои што финансиската реализација е непозната-покажуваат првичните анализи. Во периодот имаше засилени активности и трошење што не беа во согласност со Изборниот законик, туку со Законот за финансирање“.

3. Обуката за „МОНИТОРИНГ НА ПРЕДИЗБОРНИТЕ И ИЗБОРНИТЕ БУЏЕТСКИ ТРОШЕЊА И ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧЧКИТЕ ПАРТИИ“од членовите на ТИМ и ЦЕА за јакнење на способностите на членовите на организацијата „Платформа за борба против корупција“што се одржа во Хотел Арка на 10.02.2016.

4. Нашите тимови ќе ги следат и ќе известуваат за понатамошните активности со писма за пристап на информации од јавен карактер со цел да обезбедат информации за можни буџетски трошења.

ВМРО-ДПМНЕ

06.02.2016 Градоначалникот на Битола Владимир Талевски му се заблагодари на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски за неговата заложба во одлуката за реконструкција на Офицерски Дом во Битола (проект вреден 2 милиони евра).

06.02.2016 Членови на УМС на ВМРО-ДПМНЕ делеа флаери во Штип.

08.02.2016 Трибина на Здружението на пензионери со пратеничката Слаѓана Митовска и градоначалникот Арсенчо Алексовски со промоција на владиниот проект„Купи куќа за млади“ притоа, одредувајќи ги парцелите , следејќи ја препораката од Третата седница на Владата на РМ одржана на 26.01.2016.

10.02.2016 Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ одржа две партиски средби.

10.02.2016 Комисијата за информатичка технологија во во Градската библиотека во Прилеп, го промовира проектот „Е-Македонија“.

СДСМ

06.02.2016 Претседателот на СДСМ Зоран Заев имаше средба со 30 млади во кафе бар во Струмица.

09.02.2016 Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски ги посети полициските станици во Гостивар и Тетово.

12.02.2016 Отворање на регионален центар на СДСМ во Битола, во присуство на потпретседателот на партијата Дамјан Манчевски.

ДУИ

05.02.2016 Градоначалникот на Гостивар Невзат Бејта во Младинскиот центар додели 16 решенија за вработување на наставници во основни училишта.

06.02. 2016 ДУИ го промовираше проектот„ Заедно остваруваме “ во Центарот за култура во Тетово.

07.02.2016 ДУИ организираше партиска средба со членовите на подрачните штабови, комитети, женските форуми и сл.во Гостивар.

08.02. 2016 ДУИ имаше партиска средба со членовите на локалниот комитет во кино-салата во Трговскиот центар во Гостивар.

12.02.2016 ДУИ имаше средба со граѓаните во Домот на културата„Браќа Миладиновци“ во Струга каде што го промовираше проектот „Заедно остваруваме“.

БЕСА

06.02.2016 Партиска средба беше одржана во кафе бар во Куманово, каде што се формираа два партиски ограноци со локални претседатели.

ГРОМ

11.01.2016 Заменик министерот за локална самоуправа Љупче Пренџов имаше средба со Градоначалникот на Велес, Славчо Чадиев.

СДСМ- Платено политичко рекламирање на – Facebook

Третата недела од месец февруари донесе бројни активности во однос на политичкотот рекламирање на партиите. Имено, ТИМ и локалните партнери ги забележаа следните дејства:

- Зголемена партиска активност (партиски состаноци, дебати);
- Забележани активности на помалите политички партии;
- Продолжување на промовирањето на Владините проекти, изедначувањето на Владините со партиските активности со промовирање на новите проекти во образованието,нови проекти за млади лица,отварање на нови работни места,нови проекти за претпријатијата,нови проекти во здравството.

- Активностите на Интернет стануваат место за промотивни кампањи,зголемени, бројни,платени ,лажни профили на социјалните мрежи.

- Платените рекламни кампањи на социјалните мрежи (Facebook)продолжуваат.

- Промовирање на владини проекти на партиските интернет страни.

- Нашите тимови и понатаму ќе ги следат активности со БИЈК кон релевантните институции, со цел да обезбедат информации за можни буџетски трошења.

ВМРО-ДПМНЕ

13.02.2016 Претседателот на ВМРО - ДПМНЕ, Никола Груевски, во Музејот на македонската борба за државност и независност, ги претстави седумте нови проекти за млади.

16.02.2016 Заменик министерот за труд и социјална политика беше присутен на отворањето на новата детска градинка во с.Пештани. Средствата се обезбедени од локалната самоуправа,МТСП и Бугарскиот конзулат во Македонија. Агенцијата за вработување најави грантови (600.000МКД) за да стимулира отворање на 10 приватни детски градинки.

17.02.2016 Нова дисперзирана канцеларија на АВРМ се отвори во Чашка во склоп на Граѓанскиот центар.

18.02.2016 Министерот за здравство Никола Тодоров и заменик министерот за здравство Јовица Андонов (член на Социјалистичката партија), во болницата во Велес ја промовираа новата медицинска опрема.

18.02.2016 Претседателот на ВМРО- ДПМНЕ во Кинотека на Македонија ги промовираше седумте проекти за млади.

СДСМ

12.02.2016-19.02.2016 СДСМ во Битола, во набљудуваниот период отвори општински штабови во Кланица и Бела Чешма.

13.02.2016 Министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски во Домот на армијата во Струмица имаше средба со членови на невладини организации.

15.02.2016 Потпретседателот на СДСМ Дамјан Манчевски имаше средба со граѓаните на Чашка.

17.02. 2016 Членовите на централното претседателство на СДСМ Пеце Мирчевски и Дарко Давидовски имаа средба со граѓаните од селата Челопек, Милетино и Брвеница.

18.02.2016 Заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство- Љупчо Николовски имаше средба со граѓаните на Сопиште, Кисела Вода.

ГРОМ

14.02.2016 Претседателот на партијата Стевчо Јакимовски во ТЦ Лептокарија го прослави празникот Св.Трифун, делејќи бесплатни пијалоци и картички.

ДУИ

12.02.2016 Форумот на млади на ДУИ во Лисец, Таќе и Селце во општина Тетово одржа партиска средба во однос на претстојните избори.

14.02.2016 Седница на Форумот на жени беше одржана во Тетово.

16.02.2016 ДУИ отвори нови штабови во Желино и Боговиње.

Други политички партии

13.02.2016 Членови на Алијанската на Албанците организираа дебата во Неготино, општина Врапчиште, со присуство на претседателот Зијадин Села.

15.02.2016 Членови на движењето БЕСА имаа средба со граѓаните во Мала Речица.

16.02.2016 Претседателот на НДП, Весел Мемеди беше гостин во ТВ емисија „Мејдани“ на Коха ТВ.

17.02.2016 Претседателот на движењето за Реформи, Зијадин Села со потпретседателот Агон Ферати и претседателот на ДПА-ДР во тетово, Ариф Селами одржаа две средби со граѓаните на Шипковица и Лисец.

18.02.2016 Членовите на БЕСА имаа средба со граѓаните во во с. Нераште, општина Теарце, претставувајќи ја програмата „Редефинирање“.

12.02.2016-19.02.2016 Српската странка отвори штаб во Куманово на ул.„Октомвриска револуција“.

Платена политичка реклама на социјалната мрежа Facebook

17.02.2016-Платена политичка реклама на ЛП

18.02.2016- Платена политичка реклама на ЛП

18.02.2016

19.02.2016

Четвртата недела од месец февруари ја одбележаа бројни активности во однос на политичкото рекламирање на партиите. Имено, ТИМ со локалните партнери ги воочија следните активности:
Собранието на Република Македонија со 73 гласа „за“ и 7 „воздржани“, како и 22 гласа „за“ и 6 „воздржани“ од пратениците кои не се мнозинство во
Република Македонија, го донесе Законот за изменување на Изборниот законик, по итна постапка, со кој се предвидува изменување на одредбата изборите да се одржат на 24 април 2016 година и се пролонгира датумот за 5 јуни 2016 година.Со измените се предлага одложување на датумот за забрането платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите). Сега се предвидува од 27 февруари 2016 година радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми, (интернет порталите) да не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од буџетот на РМ, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања

Датум	Активност
Најрано 07.03.2016 – најдоцна 27.03.2016	Распишување на Избори
Најрано 27.03.2016 – најдоцна 17.05.2016	Отварање на посебна трансакциска сметка
14.05.2016	Објавување на учесници на листи на кандидати
17.05.2016	Почеток на Изборна кампања
25.05.2016	Финансиски извештај (приходи/расходи)
03.06.2016	Предизборен молк
05.06.2016	Избори
11.06.2016	Финансиски извештај (приходи/расходи)

- Зголемена партиска активност на СДСМ (членски средби, трибини, посети на градови и села);

- Забележителни активности на албанските партии;

- Продолжување на промовирањето на Владините проекти, изедначувањето на владините проекти со партиските активности со промовирањето на проектите во образованието, младите и здравствената заштита.

- Интернет активностите продолжуваат да се користат како простор за промотивни кампањи на политичките партии.

- Платено политичко рекламирање на социјалната мрежа (Facebook) продолжува.

- Промовирање на владини проекти на интернет страните на политичките партии.

- Нашите тимови и понатаму ќе ги следат активностите со БИЈК кон релевантните институции , за да добијат информации за можни буџетски трошења.

ВМРО-ДПМНЕ

19.02.2016 - Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ги промовираше новите мерки за млади кои вчера ги објави претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски.

19.02.2016 Градоначалникот на општина Велес Славчо Чадиев изминатава недела во прес салата на општина Велес организираше три поединечни средби со угостителите, пензионерите и претседателите на месните и урбани заедници.
21.02.2016 Членови на УМС ВМРО ДПМНЕ Велес низ повеќе локали во градот делеа картички со пораки по повод денот на мајчиниот јазик.

21.02.2016 18 социјално семејства од Ресен добија државни станови . Во Преспа беа промовирани новите плажи во Стење, Сливница и Претор. Беше пуштен во употреба и патот Љубојно-Брајчино. Надлежнитенајавуваат и повеќе нови проекти за овој крај.

СДСМ

20.02.2016 Генералниот секретар на СДСМ и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, придружуван од претседателот на општинската организација на СДСМ Студеничани и неколкумина активисти денеска беа помеѓу селаните на Елово.

21.02.2016 Денеска пратеникот и претседател на СДММ, Стефан Богоев заедно со членот на Извршниот одбор на СДСМ и претседател на Комисијата за одбрана, Максим Димитриевски беа помеѓу граѓаните на Македонска Каменица.

21.02.2016 Генералниот секретар на СДСМ и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, придружуван од Цветанка Иванова, претседателка на Комисијата за информатичко општество денеска беа меѓу граѓаните на Берово и беровско.

22.02.2016 Во посета на граѓаните од населените места Чифлик,Чешиново и Облешево, денеска се претседателот на Комисијата за финансии и дополнителен заменик министер за финансии, Кире Наумов и претседателот на Комисијата за транспорт и врски Благојче Бочварски.

25.02.2016 Претседателката на Комисијата за труд и социјална политика на СДСМ, Мила Царовска и претседателката на Комисијата за земјоделство, Татјана Прентовиќ, на 25.02.2016 беа помеѓу граѓаните на Василево.

25.02.2016 Претседателот на СДСМ, Зоран Заев, беше помеѓу граѓаните на Кочани и Штип. Средбите беа емитувани на регионалните телевизии: Телевизија Стар и Канал 8.

ДУИ

21.02. 2016 ДУИ одржува голем митинг во спортската сала во Гостивар, насловен како "Заедно остваруваме". На митингот беа претставени сите досегашни реализирани проекти од страна на ДУИ, идните планови и проекти, како и подготовките кои партијата ги прави за престојните предвремени парламентарни избории присуствуваа голем број симпатизери на партијата од целата држава, пренесени со автобуси, службени и приватни возила. Од Скопје е забележана огромна колона на возила од Арачиново па се до Сарај кои организирано се движеле кон Гостивар. За време на митингот на ДУИ во Гостивар, Шефот на централниот изборен штаб на ДУИ и министер за економија, Беким Незири, изјавува дека ДУИ е силно организирана и мотивирана да победи на следните предвремени парламентарни избори и дека до сега се успешно реализирани сите организациони подготовки за формирањето на 462 изборни штабови и инвовирање на преку 15.000 активисти на партијата

ДПА-Движење за реформи

23.02.2016 во Струга во просториите на ОК на партијата Движење за реформи во ДПА се одржа Собрание на Форумот на жени на реформско движење.Според изјавите на претседателка на Форумот на жени на Движењето за реформи, Ардијана Ајрулаи, само во последните 72 часа, тие успеале да зачленат повеќе од 400 жени и девојки во структурите на Движењето.

БЕСА

20.02. Движењето БЕСА отвори изборен штаб во населено место Палчиште, општина Боговиње. За Претседател на огранокот е избран Мујдин Џемали. На собирот свои обраќања имаа Шпенд Таири, Претседателот на Движењето БЕСА

Платено политичко рекламирање на Facebook:

Фотографијабр.1

Фотографија бр.2

8. ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ И ИЗЈАВИ ЗА МЕДИУМИ

.

Потпишувањето на Меморандумот за соработка на 11.02.2016